СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА КУМАНОВО

„Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово Тел. 423-505 Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска	Година LXVI Број 17 Куманово 9 декември 2021 г.	Претплата за 2021 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939

592.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за зголемување на основната главнина на Јавното претпријатие „Пазаришта“ – Куманово

1. Се објавува Одлуката за зголемување на основната главнина на Јавното претпријатие „Пазаришта“ – Куманово, Бр. 09 – 8826/4, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 6 декември 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-9113/1
7 декември 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

593.

Врз основа на член 254 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ” бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10 и 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на РСМ” бр. 290/20 и 215/21) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 6 декември 2021 година, донесе

О Д Л У К А
за зголемување на основната главнина на Јавното претпријатие „Пазаришта“ - Куманово

Член 1

Со оваа Одлука се врши зголемување на основната главнина во вид на паричен влог на Јавното претпријатие „Пазаришта“ - Куманово, утврдена со Одлуката за доделување на основна главнина на јавното претпријатие бр. 09-6669/8 од 28 октомври 2020 година („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 15/20) на износ од 3.500.000,00 денари, која се зголемува за 7.000.000,00 денари, средства од Буџетот на Општина Куманово.

Со ова зголемување вкупниот износ на основната главнина на ЈП „Пазаришта“ - Куманово изнесува 10.500.000,00 денари.

Член 2

Средствата со кои се зголемува основната главнина од член 1 на оваа Одлука во износ од 7.000.000,00 денари ќе се уплатат на жиро сметка на ЈП „Пазаришта“ - Куманово.

Се задолжува ЈП „Пазаришта“ Куманово за извршената уплата да поднесе пријава до Централниот регистар за впишување на уплатениот износ на основната главнина.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 8826/4
6 декември 2021 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

594.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за користење на грант средства како резултат на успешно реализирање на проектот за подобрување на општинските услуги MSIP2

1. Се објавува Одлуката за користење на грант средства како резултат на успешно реализирање на проектот за подобрување на општинските услуги MSIP2, Бр. 09 – 8826/5, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 6 декември 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-9114/1
7 декември 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

595.

Врз онова на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куамново“ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на ден 6 декември 2021 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за користење на грант средства како резултат на успешно реализирање на проектот за подобрување на општинските услуги MSIP2

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за намената за користење на грант средства добиени преку Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2), за реализација на проектот „Набавка на возила и опрема за одржување, складирање, транспорт и изнесување на смет.

Член 2

Општина Куманово во рамки Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2) финансиран со заем од Меѓународна банка за обнова и развој (Светска банка) како резултат на успешно реализиран под-проект, добива грант средствата во

вкупен износ од 16.961.085 денари односно 275.790 евра, кои ќе бидат наменети за набавка на возила и опрема за одржување, складирање, транспорт и изнесување на смет.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 8826/5
6 декември 2021 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

596.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово

1. Се објавува Одлуката за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово, Бр. 09 – 8826/10, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 06 декември 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-9120/1
7 декември 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

597.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ" бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19), член 22 став 1 точка 4 и член 24 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), членовите 43, 44, 45, 46, 47 и 48 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19) и член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 06 декември 2021 година, донесе

О Д Л У К А
за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се уредува општински линиски превоз на патници на подрачје на Општината врз основа на Дозвола издадена од Градоначалник на Општина Куманово.

Општината е должна да организира општински линиски превоз на патници како јавна служба, односно уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на

патници може да го делегира на други правни или физички лица врз основа на договор за извршување на работи од јавен интерес од локално значење.

Член 2

Советот на Општината Куманово го уредува општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општината, при што особено утврдува:

- единствена мрежа на линии,
- возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување,
- начин на организирање на контролата на сообраќајот на автобусите и линиите, како и евиденција за тоа,
- тарифен систем, систем на наплата и начин и контрола на наплата,
- локација на автобуските терминали, свртувалишта, стојалишта и постапка за нивна измена,
- изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта,
- одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1) и
- критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на општински линиски превоз и распределувањето на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз.

II ЕДИНСТВЕНА МРЕЖА НА ЛИНИИ

Член 3

Како единствена мрежа на линиите на подрачјето на Општината Куманово се утврдуваат следните линии:

Реден број Број, назив и траса на линијата

1. ПРОЕВЦЕ - БЕДИЊЕ (од с.Проевце, ул.Б.Б.Гуцман, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул.11-ти Октомври, ул.Сава Ковачевиќ, бул.3-та МУБ, Чик, ул.11-ти Октомври, ул.Индустриска, ул.11-ти Ноември, ФЗЦ)

2. ГОРНО КОЈНАРЕ - ДОЛНО КОЈНАРЕ - КУМАНОВО (пат за с.Горно Којнаре,Р 1104, Киро Бурназ, ул.Никола Тесла, Автобуска Станица, ул.Доне Божинов, ул Гоце Делчев, бул.3-та МУБ, ул.11-ти Октомври, ул.Индустриска, ул.11-ти Ноември, ФЗЦII)

3. ЗЕЛЕН РИД - ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА (ул.В.С.Бато, ул.Авној, ул.Тоде Думба, ул.Биљановска, ул.Народна Револуција, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул.11-ти Октомври, ул.Железничка, ул.Индустриска, ул.11-ти Ноември до ФЗЦII)

4. БЕДИЊЕ - с.ДОБРАШАНЕ (ФЗЦ–нова, ул.11-ти Ноември, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул.Доне Божинов, бул.Октомвриска Револуција, ул.Б.БГуцман, бул.3-та МУБ, Р-1204 до Добрашане, петелка за Шупли Камен)

5. ЛИВАДЕ с.КАРПОШ - ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА (ул.100, Никуњски пат, ул.Доне Божинов, ул.Гоце Делчев, бул.3-та МУБ, ул.11-ти Октомври, ул.Железничка, ул.Индустриска, ул.11-ти Ноември до ФЗЦII)

6. с.РЕЖАНОВЦЕ - КУМАНОВО (пат од с.Режановце, ул.11-ти Ноември, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул Доне Божинов до Автобуска станица)

7. КУМАНОВО - БЕДИЊЕ - с.ЛОПАТЕ (Автобуска Станица, ул.ДонеБожинов, ул.Гоце Делчев, бул.3-та МУБ, ул.11-ти Октомври, ул.11-ти Ноември, пат за с.Лопате)

8. БЕДИЊЕ - с.ТРОМЕЃА (ФЗЦ нова, ул.11-ти Ноември, ул.Индустриска, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул.Доне Божинов, бул.Октомвриска Револуција, ул.Ѓорче Петров, ул.Михајло Пупин, ул.Веселин Маслеша, Р-1204, пат за с.Тромеѓа)

9. ЧЕРКЕЗИ - КУМАНОВО (пруга во с.Черкези, Р-1104, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул.11-ти Октомври, ул. Сава Ковачевиќ, бул.3-та МУБ, ул. 11-ти Октомври)

10. с.БИЉАНОВЦЕ - БЕДИЊЕ (с.Биљановце, Биљановски пат, ул.Народна Револуција, бул.3-та МУБ, ул.Сава Ковачевиќ, ул.11-ти Октомври, ул.11-ти Ноември, ФЗЦ)
11. с.УМИНДОЛ - с.НОВОСЕЛО - с.ЉУБОДРАГ - КУМАНОВО (Р-1104, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул.Доне Божинов, Автобуска Станица, Р-1104, до Умин Дол)
12. РОМАНОВЦЕ - КУМАНОВО (пат за с.Романовце, ул.Тоде Мендол, ул. Благој Илиев Гуне, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул.11-ти Октомври, ул 11-ти Ноември, ул.Индустриска, с.Бедиње)
13. КУМАНОВО - с.РЕЧИЦА (Доне Божинов (Автобуска Станица), ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, ул Гоце Делчев, ул.Никола Тесла, пат за с.Речица)
14. АВТОБУСКА СТАНИЦА - с.ОРАШАЦ (ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, Р-1204, Пожарно, пат за с.Орашац)
15. КУМАНОВО - ШУПЛИ КАМЕН (Автобуска Станица, ул.Доне Божинов, ул.11-ти Октомври, ул.3-та МУБ, Р-1204, пат за Шупли Камен)
16. КУМАНОВО - ТАБАНОВЦЕ - КАРАБИЧАНЕ - С.СОПОТ (Автобуска Станица, ул.Доне Божинов, ул.Никола Тесла, Р-1204, пат до с.Сопот)
17. КУМАНОВО - ТАБАНОВЦЕ (СЛАНИШТЕ) (Автобуска Станица, ул.Доне Божинов, ул.Никола Тесла, Р -1204, пат за с.Табановце, Сланиште)
18. КУМАНОВО - с.СКАЧКОВЦЕ (Автобуска Станица, ул.Доне Божинов, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, Р-1204, пат за Скачковце)
19. КУМАНОВО - с.ПЧИЊА - с.СТУДЕНА БАРА (Автобуска Станица, ул.Доне Божинов, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, ул.Народна Револуција, пат за с.Пчиња и с.Ст.Бара)
20. КУМАНОВО - ЧЕТИРЦЕ (ул.Доне Божинов, ул.Никола Тесла, Р1104, пат за с.Четирце)
21. КУМАНОВО - ГРАДИШТЕ - с.ПЕЗОВО - с.КШАЊЕ - с.КОКОШИЊЕ (Автобуска Станица, 11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, Р-1204, пат за с.Градиште, с.Пезово, с.Кшање, с.Кокошиње)
22. КУМАНОВО - с.НОВОСЕЉАНЕ - с.КОСМАТАЦ - с.МУРГАШ (Автобуска Станица, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, Р-1204, пат за с.Мургаш)
23. КУМАНОВО - с.КУЧКАРЕВО - с.ГАБРЕШ (Автобуска Станица, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, Р-1204, пат за с.Кучкарево, с.Габреш)
24. КУМАНОВО - КОСТУРНИК (Автобуска Станица, ул.Доне Божинов, ул.11-ти Октомври, Автопат Куманово-Белград, Живинарска Фарма, пат за Костурник)
25. КУМАНОВО - ГП ТАБАНОВЦЕ (Автобуска Станица, ул.Доне Божинов, ул.11-ти Октомври, Автопат до граничен премин Табановце)
26. БАЈРАМ ШАБАНИ – БЕДИЊЕ (ул.Бајрам Шабани, ул.Гоце Делчев, ул.11-ти Октомври, ул.11-ти Ноември, ФЗЦ)

Член 4

Превозниците, Општината, урбаните и месните заедници, други институции, здруженија и граѓаните можат да иницираат воведување на нови линии што не се содржани во единствената мрежа на линии, како и продолжување, скратување и укинување на постојните автобуски линии.

За воведување нови линии, продолжувања, скратување и укинување на постојните линии одлучува Советот на Општината Куманово, врз основа на истражувања и анализи за исполнетоста на неопходните сообраќајно - технички, безбедносни, економски и други услови во согласност со закон и други прописи донесени врз основа на закон.

Член 5

Линијата во општинскиот линиски превоз на патници има свој број и назив.

Називот на линијата се означува со името на почетното - крајно свртувалиште.

Автобусите на предната и бочната десна страна на видно место треба да го содржат бројот на линијата, почетното и крајното стојалиште.

Бројот и називот на линијата се поставуваат и на автобуските стојалишта и автобуските свртувалишта.

III ВОЗЕН РЕД, НАЧИН НА НЕГОВО ИСТАКНУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ

Член 6

Возен ред е документ со кој се утврдува линијата, видот на превозот, релациите на кои се врши превозот, редоследот на станиците и стојалиштата, нивната оддалеченост од почетната станица или стојалиште, времето на пристигнување, застанување и заминување на секоја автобуска станица и стојалиште, периодот во кој превозникот го врши превозот на линијата и времето на важење.

Возниот ред го регистрира градоначалникот на општината.

Возен ред се истакнува во автобусите, на почетно - крајните свртувалишта и попатните стојалишта.

Возниот ред во автобусите го истакнува превозникот, а на останатите локации и во јавноста го објавува и го истакнува општината.

Промена на постоен возен ред може да се прави доколку во новиот возен ред кој се предлага се прави промена на времиња на поаѓање и враќање на која било почетна, попатна или крајна станица, додавање и/или кратење на попатни станици, додавање и/или намалување на број на поаѓање и враќање во возниот ред, додавање и менување на ден/денови од возниот ред и промена на режимот на одржување на линијата.

Истиот претставува флексибилен елемент во превозот на патници и перманентно се усогласува со превозните потреби на граѓаните и по барање на превозниците и месните заедници може да се измени.

Член 7

Возен ред се изготвува во период од 5 (пет) години и тоа за периоди:

- зимски возен ред од 31.08 - 15.06
- летен возен ред од 16.06 - 30.08
- од понеделник до петок
- за сабота
- за недела и државни празници
- за верски празници

Член 8

Возниот ред сезонски, се дополнува со траси кон:

- летни излетнички места
- зимски излетнички места
- сабота и недела кон викенд излетнички места.

Член 9

Превозникот е должен линијата да ја обавува согласно регистрираниот возен ред.

При реализација на возниот ред на линијата, превозникот е должен да застанува само на автобуските стојалишта и свртувалишта утврдени со оваа одлука.

Член 10

За време на важење на дозволата превозот може привремено да се запре или привремено да се редуцира возен ред, ако настанат и додека траат причините кои превозникот не можел да ги предвиди и чии последици не можел да ги отстрани (виша сила).

Привременото запирање од ставот 1 на овој член превозникот е должен да го пријави до општината, веднаш по настанувањето на причините кои го предизвикале.

Превозникот во рок од 30 дена пред откажување на линијата е должен да го извести за изменување надлежниот орган при општината.

IV НАЧИН НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КОНТРОЛАТА НА СООБРАЌАЈОТ НА АВТОБУСИТЕ И ЛИНИИТЕ, КАКО И ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ТОА

Член 11

Превозниците кои ќе добијат дозвола и регистриран возен ред должни се да формираат диспечерски центар.

Диспечерскиот центар го организира, контролира и евидентира извршувањето на општински линиски превоз на патници, возните редови и изготвува извештај за реализација на истиот.

V ТАРИФЕН СИСТЕМ, СИСТЕМ НА НАПЛАТА И НАЧИН И КОНТРОЛА НА НАПЛАТА

Член 12

На подрачјето на Општина Куманово и општините на чие подрачје се врши превоз на патници согласно оваа одлука, се утврдуваат 6 зони како основ за определување на надоместокот за извршената услуга во превозот на патници и тоа:

- I зона ги опфаќа сите утврдени линии во градскиот превоз на оддалеченост до 4 км и деловите на трасите на сите линии во приградскиот превоз односно автобуските стојалишта кои ги означуваат границите на првата зона.
- II зона ги опфаќа деловите на сите утврдени линии во приградскиот превоз на оддалеченост до 7 км од автобуските стојалишта кои ги означуваат границите на првата зона до автобуските стојалишта кои ги означуваат границите на втората зона.
- III зона ги опфаќа деловите на трасите на сите утврдени линии во приградскиот превоз на оддалеченост до 10 км од автобуски стојалишта кои ги означува границите на втората зона до автобуските стојалишта кои ги означуваат границите на третата зона.
- IV зона ги опфаќа деловите на трасите на сите утврдени линии во приградскиот превоз на оддалеченост до 15 км од автобуски стојалишта кои ги означуваат границите на трета зона до автобуските стојалишта кои ги означуваат границите на четврта зона.
- V зона ги опфаќа деловите на трасите на сите утврдени линии во приградскиот превоз на оддалеченост до 20 км од автобуски стојалишта кои ги означува границите на четврта зона до автобуските стојалишта кои ги означуваат границите на петта зона.
- VI зона ги опфаќа деловите на трасите на сите утврдени линии во приградскиот превоз на оддалеченост до 30 км од автобуски стојалишта кои ги означуваат границите на петта зона до автобуските стојалишта кои ги означуваат границите на шеста зона.

Во превоз на патници се утврдуваат следните тарифни броеви според зоните за превоз и тоа:

- Тарифен број 1 кој се однесува за прва зона, вредноста на надоместокот за превозниците не може да биде повисока од 35 денари без вклучен ДДВ.
- Тарифен број 2 кој се однесува за втора зона, вредноста на надоместокот за превозниците не може да биде повисока од 45 денари без вклучен ДДВ.
- Тарифен број 3 кој се однесува за трета зона, вредноста на надоместокот за превозниците не може да биде повисока од 65 денари без вклучен ДДВ.
- Тарифен број 4 кој се однесува за четврта зона, вредноста на надоместокот за превозниците не може да биде повисока од 85 денари без вклучен ДДВ.
- Тарифен број 5 кој се однесува за петта зона, вредноста на надоместокот за превозниците не може да биде повисока од 105 денари без вклучен ДДВ.

- Тарифен број 6 кој се однесува за шеста зона, вредноста на надоместокот за превозниците не може да биде повисока од 125 денари без вклучен ДДВ.

Носителите на линиите на територија на Општина Куманово се должни да ја унифицираат (усогласат) цената по зони, врз основа на методологија која ги опфаќа следниве трошоци:

- Трошоци на потрошувачка (гориво, мазиво, гуми, оддржување и поправка)
- Временско зависните трошоци (амортизација, плати, осигурување, регистрација на возила)

Бесплатниот превоз на ученици утврден со Законот за основното образование и Законот за средното образование на подрачјата на општините каде што има утврден возен ред се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз, а на подрачјата на две или повеќе општини каде што има утврден возен ред во рамки на меѓуопштинскиот линиски превоз се врши од страна на носителите на дозвола за меѓуопштински линиски превоз, по цени и на начин утврдени од Советот на Општина Куманово.

Доколку постојат повеќе превозници на една линија со утврден возен ред, начин на распределба на број на ученици рамномерно ќе се распределува во ист процент на носители на одобрени линии.

VI ЛОКАЦИЈА НА АВТОБУСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ, СВРТУВАЛИШТА, СТОЈАЛИШТА И ПОСТАПКА ЗА НИВНА ИЗМЕНА

Член 13

Автобуски свртувалишта лоцирани на подрачјето на Општината Куманово се:

1. Автобуска станица
2. Хотел Куба
3. Добрашане
4. с.Проевце
5. Ф-ка Искра
6. Шупли Камен
7. Железничка Станица
8. Умин Дол
9. с.Режановце
10. с.Лопате
11. Горно Којнаре
12. с.Четирце
13. с.Сопот
14. с.Табановце
15. Карпош
16. с.Тромеѓа
17. с.Романовце
18. Перо Чичо
19. Бедиње
20. Биљановце
21. Агино Село
22. с.Габреш
23. Долно Којнаре
24. с.Градиште
25. с.Кокошиње
26. с.Кшање
27. с.Мургаш
28. с.Кучкарево
29. с.Орашац
30. с.Студена Бара
31. с.Скачковце
32. с.Костурник
33. с.Черкезе
34. с.Зебрњак (м.в.Ливаде)
35. Салон
36. Раскрсница на ул 1 и ул.70
37. Црква во с.Речица
38. Железничка СтаницаII
39. Табановце (с.Сланиште)
40. ГП Табановце
41. Зелен Рид (Пошта)
42. ФЗЦ 1
43. ФЗЦ 2
44. ЧИК
45. Љубодраг
46. ул.Мирче Ацев
47. ул.320
48. Карабичане

Член 14

Автобуски стојалишта лоцирани на подрачјето на Општината Куманово се:

Ул. „11 Октомври“

1.Станица за технички преглед
2.Поранешна ф-ка Искра
3.Искра
4.Болница
5.Џамија

6.Социјално
7.Болница 1 (спроти Болница)

Ул. „Србо Томовиќ“

1.ООУ Толи Зордумис

Ул. „Трета МУБ“

1. АРМ
2. ЗИК Дирекција
3. Ул.„ Трета МУБ“ пред раскрсница со ул „Тоде Мендол“ (ООУ Бајрам Шабани)
4. Зелен Пазар
5. Серава
6. Ул.„ Трета МУБ“ пред раскрсница со ул. „Народна Револуција“ – ресторан Рим – Париз
7. Поранешна Тракторска
8. Стари згради на ул. „Трета МУБ“
9. По раскрсница помеѓу ул. „Трета МУБ“, ул. „Бранко Богдански – Гуцман“ и ул. „Октомвриска револуција“ (спроти бензинска пумпа Макпетрол)
10. Пред раскрсница помеѓу ул. „Трета МУБ“, ул. „Бранко Богдански – Гуцман“ и пат за Стара Бања
11. Ловечки Дом
12. Рим – Париз 1 (фризерско студио Долче Вита)

Ул. „Доне Божинов“

1. Прмакови ниви
2. ООУ „11 Октомври“

Ул. „Октомвриска револуција“

1. Табакана
2. Стаклопан
3. Зелен Пазар на ул. „Октомвриска револуција“
4. По раскрсница на ул. „Октомвриска револуција“, ул. „Ѓорче Петров“ и ул. „Иво Лола Рибар“
5. Спортска Сала
6. Ресторан на Кеј
7. Кеј пред раскрсница со ул. „Ѓорче Петров“, ул. „Октомвриска револуција“ и ул.„Иво Лола Рибар“
8. Мај Маркет
9. Табакана 1 (спроти Табакана)

Ул. „Никола Тесла“

1.По раскрсница со ул. „Јоско Илиевски“ (Еуромаркет Ана)
2.Надвозник на ул. „Никола Тесла“ 1 (Железнички Мост)
3.Ридарче на ул. „Никола Тесла“ пред стовариште
4.Станица Никола Тесла пред мост за Долно Војнаре

Ул. „1-ва“ Долно Војнаре

1.По надвозник за Долно Војнаре (Сервис Мујо)
2.Сервис Васе Старт
3.Сточен Пазар
4.Земјоделско Училиште
5.Основно Училиште во Долно Војнаре

6.Хотел Хармонија
7.Четирска Мала

Регионален пат Р-2237 врска со Р-1204

1.Бензинска пумпа Сателит
2.Крст
3.ООУ „Магдалена Антова“
4.Бара
5.Прмак
6.Центро Бизнис
7.Биана
8.Штуз – Сервис
9.м.в.Ливаде

Регионален пат Р-1204 врска со А2

1.Св.Мина
2.Технички преглед Автоконтрол (Кокошарници) Доброшане
3.База
4.Кланица
5.Песак
6.Мишаци
7.Исклучок за с.Шупли Камен
8.Мајорово Трло
9.Бензинска Станица Роси Петрол
10. м.в.Бела Ограда
11. ул.315 раскрсница со ул.320
12. Ајдучка Чешма
13. Оли – Травел Сервис
14. Новосељане
15. Косматац
16. Пезово
17. Градиште

Регионален пат Р-2133 врска со Р-1104

1.Профинен
2.Сув мост на пат за с.Табановце
3.Бузина Мала
4.Основно Училиште во с.Табановце
5.Воиновиќ на пат за с.Сопот

Ул.„Гоце Делчев“

1.Уред
2.Гарнизон

Ул.„Народна Револуција“

1.Соколана
2.Трафостаница на раскрсница со ул. „Тоде Думба“
3.Градски Гробишта
4.Соколана 1 (маркет Скорупан)

Ул.„Тоде Думба“

1.По расксница на ул. „Тоде Думба“ и ул. „Биљановска “ (Д-р.Божо)
2.Скали на ул. „Тоде Думба“
3.Поранешна продавница на Житомел
4.Кошеви

5.Турска Пекара

Ул.„Лесковачка“

1.Ѓоше Пекара

Ул.„Никшиќка“

1.ООУ „Кочо Рацин“

Ул.„Видое Смилевски – Бато“

1.Раскрсница на ул.„АВНОЈ“ со ул.„Видое Смилевски – Бато“
2.Пошта на ул.В.С.Бато

Ул.„11 Ноември“

1.Брза Помош
2.Шумско
3.Поранешен Диер
4.Амбалажа
5.ФЗЦ 1
6.Кожара
7.Бедиње – Расадник

Ул.„Индустриска“

1.Југ – Турист
2.Агро Куманово
3.Силекс
4.Индустриска 1, 2

Ул.„Бајрам Шабани“

1.Планирана 2(втора) раскрсница на ул.„Максим Горки“ со ул.„Бајрам Шабани“
2.Раскрсница на ул.„Прозорска“ со ул.„Бајрам Шабани“

Ул.„Тоде Мендол“

1.Зелен Пазар
2.Раскрсница на ул.„Тоде Мендол“ со ул.„Благој Илиев – Гуне“
3.Џамија на ул.„Тоде Мендол“

Ул.„Благој Илиев – Гуне“

1.Пред раскрсница со ул.„Страшко Симонов“ (ООУ „Вук Караџиќ“)
2.Поранешен ЧИК
3.Почеток на ул.„Благој Илиев – Гуне“

Ул.„Михајло Пупин“

1.Пошта
2.По раскрсница на ул.„Ѓорче Петров“ со ул.„Михајло Пупин“
3.ООУ Христијан Карпош

Ул.„Ѓорче Петров“

1.Туш Маркет
2.Ѓорче Петров (Гладно Поле)
3.Коки Проширување

1.Проевце
2.Стара Бања
3.Режановце 1, Режановце 2
4.Пуковско
5.Крст пред с.Тромеѓа
6.Романовце 1, Романовце 2
7.Черкезе 1, Черкезе 2

8.Љубодраг 1, Љубодраг 2
9.Ропаљска Станица
10. Ново Село
11. Менкова Колиба
12. Пчиња 1, Пчиња 2
13. Сепарација на пат за Шупли Камен
14. с.Орашац ПУ ООУ Кочо Рацин
15. Биљановце 1, Биљановце 2
16. Лопате 1, Лопате 2
17. Пред раскрсница на ул.1 и ул.30 (Трафостаница на Никуљски пат)
18. Пред раскрсница на ул.1 и ул.40 (Пред Бару на Никуљски пат)
19. Влез во с.Речица
20. Долно маало во с.Речица
21. Основно училиште во с.Тромеѓа
22. Бабин Дол 1, Бабин Дол 2
23. Умин Дол 1, Умин Дол 2
24. Муслимански Гробишта (с.Романовце)
25. Влез на Куманово од с.Романовце

Член 15

За отворање на нови, укинување или преместување на постојно свртувалиште или стојалиште одлучува Советот на Општината, ако е тоа во интерес на граѓаните и безбедноста на сообраќајот.

VII ИЗГРАДБА, ОБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА АВТОБУСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ, СВРТУВАЛИШТА И СТОЈАЛИШТА

Член 16

Изградбата, обележувањето, опремувањето, одржувањето и начинот на користење на автобуски свртувалишта и стојалишта во општинскиот линиски превоз на патници го врши Општина Куманово.

VIII ОДРЕДУВАЊЕ НА РЕЛАЦИЈА И МЕСТО НА ПРЕВОЗ СО КОМБИ ВОЗИЛА СО НАЈМАЛКУ ДЕВЕТ СЕДИШТА (8+1)

Член 17

Општински линиски превоз на патници со комби возило со најмалку 9 седишта (8+1) ќе се врши на следните линии:

1.Куманово-Градиште, с.Пезово, с.Кшање, с.Кокошиње
2.Куманово-Кучкарево, Габреш
3.Куманово-Четирце
4.Куманово-Шупли Камен
5.Куманово-Скачковце
6.Куманово-Пчиња
7.Куманово – Табановце(Сланиште)
8.Куманово- Мургаш
9. Куманово –с.Речица
10. Куманово – с.Орашац
11. Куманово - с.Сопот
12. Куманово – Костурник
13. Куманово - ГП Табановце

Останатите линии ќе се возат со технички исправни и регистрирани комби возила и автобуси.

IX КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ И РАСПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА ЛИНИИТЕ НА ПРЕВОЗНИЦИТЕ ВО ОПШТИНСКИОТ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ

Член 18

Изборот на превозникот за добивање на Дозвола за определена линија во Општинскиот линиски превоз се врши по пат на јавен оглас објавен од Општина Куманово во дневниот печат. Постапката по јавниот оглас ја спроведува комисија именувана од градоначалникот на Општина Куманово составена од претседател и тројца членови и тројца нивни заменици.

Пријавите по огласот се поднесуваат во запечатени пликови во архивата на Општина Куманово.

Пликот со пријавата мора да има ознака "Пријава по Оглас бр. __" со назнака "за Комисијата".

Пријавата поднесена од страна на превозникот мора да ги содржи следните податоци и документи:

- Полн назив, седиште и адреса на превозникот;
- Матичен број и даночен број на превозникот;
- Назначување на линијата на која превозникот бара да учествува во реализацијата на единствениот возен ред.
- Докази за исполнување на бараните услови објавени во јавниот оглас.

Во постапка за разгледување се земаат во предвид само навреме поднесените пријави. Барањата поднесени по истекот на рокот и барањата кон кои не се приложени сите докази пропишани со законот нема да бидат разгледувани и комисијата ќе ги отфрли како неосновани.

За својата работа Комисијата изготвува Извештај со предлог за давање на дозвола за линиите објавени во јавниот оглас кој го доставува до градоначалникот.

Градоначалникот донесува решение за одобрени односно одбиени барања. Против ова решение може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот за транспорт и врски.

Член 19

На јавниот оглас може да се јави превозник под услов да ги исполнува условите определени во јавниот оглас.

Еден превозник може да аплицира за една или повеќе линии.

На една линија дозвола можат да добијат најмногу двајца превозници.

Услови кои треба да ги исполни превозникот за одобрување на возните редови и линиите во Општинскиот линиски превоз се:

- Лиценца за општински линиски превоз на патници и извод од лиценца за општински линиски превоз на патници за секое возило;
- Да има вработено во редовен работен однос возачи во зависност од бројот на моторните возила (автобуси и комбиња);
- Бонитет или Извештај за биланс на состојба и биланс на успех на превозникот издадени од Централен Регистар на РСМ;
- Да има сопствен паркинг или договор за закуп за времетраење на дозволите за општински линиски превоз на патници;
- Да има капацитет (доволен број на автобуси и комби возила) потребни за вршење на превоз на патници за линија за којашто поднесува понуда, согласно единствена мрежа на линии опфатени во член 3 од оваа одлука, и резервни автобуси и комби возила за исполнување на условите предвидени во став 1 член 3 од оваа одлука со минимум ЕУРО 4 еколошки стандард;

- Да имаат автобуси и комби возила пристапни за лица со посебни потреби;

Член 20

Распределбата на линиите, доколку има и повеќе превозници кои ги исполнуваат условите на јавниот оглас, се врши според следните критериуми:

1. Поседува најмалку 2 возила со минимум ЕУРО 4 еколошки стандард – предност на доделување повисок еко стандард на возило
2. Поголем број на поаѓања
3. Има сопствен паркинг простор или договор за користење за времетраење на дозволите за општински линиски превоз на патници.

Член 21

Врз основа на конечното решение за доделена линија, Општина Куманово и избраниот превозник склучуваат договор во писмена форма во кој поблиску се утврдуваат постапката и начинот за вршење на дејност од јавен интерес.

Член 22

По склучување на договор помеѓу Општина Куманово и избраните превозници, Градоначалникот им издава дозвола за определена линија и заверен возен ред со којшто избраните можат да отпочнат со вршење на превоз на општински линиски превоз на патници.

Член 23

При вршење на општински линиски превоз на патници превозникот е должен во возилото да има извод од лиценца, дозвола, патен налог во оригинал и регистриран возен ред во оргинал.

Превозникот е должен да се придржува на регистрираниот возен ред и редовно да ја одржува линијата.

Член 24

Дозвола за вршење на општински линиски превоз содржи: назив на линијата, маршута по која се одвива, назив и седиште на превозникот како и рок на важење. Дозволата може да ја користи само превозникот на кој што му е издадена, и не може да се пренесува на друг превозник.

Член 25

Превозникот е должен преку средствата за јавно иформирање да го објави возниот ред на линијата седум дена пред започнување на Општинскиот превоз на патници.

Член 26

Ако превозникот од неоправдани причини не го врши општинскиот линиски превоз на определена линија повеќе од пет дена непрекинато или со прекини во период од 30 дена во текот на годината на предлог на општинскиот инспектор за патен сообраќај, градоначалникот на општината ќе донесе решение за одземање на дозволата.

Член 27

Доколку дозволата за одредена линија што се одржува во текот на важноста на возниот ред согласно на одлуката биде одземена од превозникот, истата може да се додели на друг превозник, учесник на јавниот оглас.

Член 28

За евентуално сторена штета од било кој вид на патниците поради неизвршување на линијата од превозникот трошоците паѓаат на товар на превозникот.

X НАДЗОР

Член 29

Инспекциски надзор на примената на одредбите на оваа одлука врши овластен инспектор за патен сообраќај на општината.

XI КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 30

За непочитување на оваа одлука се применуваат казнените одредби предвидени со Законот за превоз во патниот сообраќај.

XII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува со важност Одлуката за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 9/2019)

Член 32

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 8826/10
6 декември 2021 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

598.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2021 година

1. Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2021 година, Бр. 09 – 8826/16, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 06 декември 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-9126/1
7 декември 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

599.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 34 од Законот за буџети (Службен весник на РМ бр. 64/2005,4/2008,103/2008,159/2009,95/2010,180/2011,171/2012,192/2015 и 167/2016)и Службен весник на РСМ бр. 151/21), Советот на Општина Куманово на 2-рата седница одржана на ---декември 2021година донесе

О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **Куманово**

За **2021** година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2021 година, на следниот начин :

Потпрограма Потставка		САМОФИНАН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
Се зголемуваат приходите на следните потаставки :					
A00	**СОВЕТ НА ОПШТИНА**				
742111	Приходи од обединетите нации	0	0	520.686	0
742119	Други општи и тековни донации	0	0	1.231.845	0
		0	**0**	**1.752.531**	**0**
и се распредуваат на следните расходни потаставки :					
K10	**БИБЛИОТЕКАРСТВО**				
401130	Основни плати - други вработени	0	-217.330	0	0
402110	Основни придонеси за ПИО	0	-84.486	0	0
423110	Канцелариски материјали	0	105.600	0	0
426990	Други оперативни расходи	0	80.216	0	0
480110	Купување на канцелариска опрема	0	56.000	0	0
483110	Купување на канцелариски мебел	0	60.000	0	0
N10	**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**				
401130	Основни плати - други вработени	0	-1.200.000	0	0
402110	Основни придонеси за ПИО	0	-500.000	0	0
421240	Течни горива	0	-3.000.000	0	0
424210	Одржување на згради	0	550.000	0	0
425760	Превозни услуги во образованието	0	4.800.000	0	0
425990	Други договорни услуги	0	0	520.686	0
464940	Трансфери при пензионирање	0	-650.000	0	0
N20	**СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**				
401130	Основни плати - други вработени	0	-2.800.000	0	0
402110	Основни придонеси за ПИО	0	-1.000.000	0	0
421240	Течни горива	0	-2.781.400	0	0
424210	Одржување на згради	-328.000	0	0	0
425760	Превозни услуги во образованието	0	6.855.000	0	0
425790	Други образовни услуги	528.000	0	0	0
464940	Трансфери при пензионирање	0	-273.600	0	0
480140	Купување на информатичка и видео опрема	0	1.800.000	0	0
480190	Купување на друга опрема	0	0	0	0
482930	Реконструкција на други објекти	0	-1.800.000	0	0
NB0	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**				
480190	Купување на друга опрема	-200.000	0	1.231.845	0
		0	**0**	**1.752.531**	**0**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Куманово и станува составен дел на Буџетот на општината за 2021 година

Бр. 09- 8826/16

Претседател на Советот на Општината

Ивана Ѓорѓиевска, ..

600.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Куманово за 2021 година

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Куманово за 2021 година, Бр. 09 – 8826/17, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 06 декември 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-9127/1
7 декември 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

601.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 34 од Законот за буџети (Службен весник на РМ бр. 64/2005,4/2008,103/2008,159/2009,95/2010,180/2011,171/2012,192/2015 и 167/2016)и Службен весник на РСМ бр. 151/21), Советот на Општина Куманово на 2-рата седница одржана на ---декември 2021година донесе

О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2021 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2021 година на следниот начин :

Потпрограма Потставка		БУГЕТ	САМОФИН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
A10	**ИЗБОРНИ АКТИВНОСТИ И РЕФЕРЕНДУМИ**					
464990	Други трансфери	7.000.000	0	0	0	0
E00	**ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**					
421310	Пошта	1.000.000	0	0	0	0
F20	**УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**					
464910	Плаќање по судски решенија	700.000	0	0	0	0
J30	**ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**					
464990	Други трансфери	7.600.000	0	0	0	0
JD0	**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА**					
482110	Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на ули	3.000.000	0	0	0	0
JDB	**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ, МОСТОВИ И**					
482120	Изградба на улици, патишта и автопати	-23.000.000	0	0	0	0
JL0	**ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**					
485580	Акции и друг капитал	7.000.000	0	0	0	0
LA0	**СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)**					
482930	Реконструкција на други објекти	-3.300.000	0	0	0	0
		0	**0**	**0**	**0**	**0**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Куманово и станува составен дел на Буџетот на општината за 2021 година

Бр. 09-8826/17

Претседател на Советот на Општината
Ивана Ѓорѓиевска

602.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за исплата на еднократна парична помош од Буџетот на Општина Куманово за 2021 година

1. Се објавува Одлуката за исплата на еднократна парична помош од Буџетот на Општина Куманово за 2021 година, Бр. 09 – 8826/18, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 06 декември 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-9128/1
7 декември 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

603.

Врз основа на член 68 од Статутот на Општина Куманово и член 21 став 1 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Куманово за 2021 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 17/20), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 06 декември 2021 година, донесе

О Д Л У К А
за исплата на еднократна парична помош од Буџетот на Општина Куманово за 2021 година

Член 1

Од средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2021 година, од Програмата АОО – Совет на Општина Куманово, ставката 413 – Тековни резерви (разновидни расходи), да се исплати еднократна парична помош, поради настаната штета од пожар на дел од семејна куќа, на дел од инвентарот и на фарма, на :

- Драган Димовски од Куманово, со стан на ул. „Бајрам Шабани“ бр. 19, во износ од 10.000 денари
- Јосим Максимов од Куманово, со стан на ул. „Веселин Маслеша“ бр. 45, во износ од 20.000 денари
- Валентина Мишевска од с. Доброшане - Куманово, со стан на ул. „Белановска“ б.б., во износ од 20.000 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 8826/18
6 декември 2021 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

604.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Третиот-Североисточен плански регион, број 09-9230/5 од 24.10.2007 година

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Третиот-Североисточен плански регион, број 09-9230/5 од 24.10.2007 година, Бр. 09 – 8826/19, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 06 декември 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-9129/1
7 декември 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

605.

Врз основа на член 26 став 5, член 82 став 2, член 84 став 2 и член 86 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" бр. 24/2021) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на ден 06 декември 2021 година, ја донесе следната

ОДЛУКА
за изменување и дополнување
на Одлуката за основање на Центар за развој на Третиот-Североисточен плански регион, број 09-9230/5 од 24.10.2007 година

Член 1

Во член 4 став 1 зборовите „ги врши следниве работи" се заменуваат со зборовите „спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Третиот-Североисточен плански регион и тоа".

Во член 4 став 1 алинеа 3 на крајот на реченицата се додаваат зборовите зборовите „и предлог - проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност".

Во член 4 став 1 алинеа 4 зборовите „најдоцна до 15-ти декември во тековната година до Бирото за регионален развој" се заменуваат со зборовите „во законски определениот рок".

Во член 4 став 1 алинеа 11 зборовите „на граѓани" се бришат.

Во член 4 став 1 на почетокот на алинеа 13 се додаваат зборовите „ Изготвува, поднесува апликации и".

Во член 4 став 1 алинеа 15 по зборот „работење" се додаваат зборовите „чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот", а зборот „доставува" се заменува со зборот „поднесува".

Во член 4 став 1 алинеа 16 зборот „административни" се заменува со зборовите „административно - технички".

Во член 4 став 1 по алинеа 16 се додаваат три нови алинеи 17, 18 и 19, кои гласат:

- Реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;
- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и
- Врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион."

Член 2

Во член 5 став 1 зборот „раководител“ се заменува со зборот „директор“, а зборот „конкурс“ се заменува со зборот „оглас“ по кој се додаваат зборовите „во согласност со Законот за рамномерен регионален развој“.

Во член 5 став 2 зборот „Раководителот“ се заменува со зборот „Директорот“, а по зборот „мнозинство“ се додаваат зборовите „гласови од вкупниот број на членови со право на глас“.

Во член 5 став 3 зборот „раководителот“ се заменува со зборот „директорот“.

Член 3

Членот 6 се менува и гласи:

„За директор на Центарот, може да биде избрано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Мандатот на директорот му престанува во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на планскиот регион именува вршител на должноста директор на Центарот се до изборот на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот, а најдолго шест месеци.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот.“

Член 4

Членот 7 се менува и гласи:

„Директорот на Центарот:

- го претставува и застапува Центарот,
- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот,
- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот и завршните годишни сметки на проектите на Центарот,
- донесува Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Третиот-Североисточен плански регион,
- раководи со стручната служба на Центарот,
- ги предлага на Советот за развој на планскиот регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на следење на спроведувањето на Програмата за развој на Третиот-Североисточен плански регион,
- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведувањето на Програмата на Министерството за локална самоуправа од Законот за рамномерен регионален развој, од надлежност на Центарот,
- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион,
- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски организации кои поддржуваат проекти за развој на Третиот-Североисточен плански регион и на општините што влегуваат во неговиот состав,
- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот и
- врши други работи утврдени со закон и други работи поврзани со активностите на Центарот.“

Член 5

Членот 8 се менува и гласи:

„Центарот има стручна служба, која се организира во одделенија.

Одлуката за организација на стручната служба на Центарот ја донесува Советот за развој на Третиот-Североисточен плански регион на предлог на директорот на Центарот.

Правата, обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници.

Платата на директорот на Центарот ја утврдува Министерот за локална самоуправа по претходна согласност од Владата.

Бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати ги определува Советот за развој на Третиот-Североисточен плански регион.“

Член 6

Во член 9 став 1 зборот „раководителот“ се заменува со зборот „директорот“.

Во член 9 став 2 по зборот „Центарот“ се додаваат зборовите „за следната календарска година“, а зборовите „мора најдоцна“ се заменуваат со зборот „мора“.

Во член 9 ставот 5 се менува и гласи:

,,По истекот на 3 (три) месеци Советот за развој на Третиот-Североисточен плански регион мора да го усвои Финансискиот план на Центарот.“

Член 7

Членот 11 се менува и гласи:

Општините кои влегуваат во состав на Третиот-Североисточен плански регион, кои се крајни корисници на проекти за развој на планскиот регион, исплаќаат средства во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот за реализација и имплементација на проектот.

Основните критериуми за висината на средствата за проектите исплатени од општините кон Центарот од ставот 1 на овој член се утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Поблиските критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.

